Дневни билтени

2015
Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016
2017
2018
2019
2020
2021
2022

Извадок на дел од дневни настани 12.12.2022

Во периодот од 18.15 часот на 11.12.2022 до 06.10 часот на 12.12.2022, полициски службеници од Регионалниот центар за гранични работи Север од слобода лишиле четири лица, од кои троја македонски и еден албански државјанин. Во 18.15 часот на Граничен премин Табановце од слобода бил лишен А.Б.(41) од Гевгелија затоа што при контрола дело констатирано дека серискиот број на возилото „фолксваген транспортер" со бугарски национални ознаки, кое го управувал, бил фалсификуван, односно бројот во собраќајната возила не бил ист со бројот што е на возилото. За исто дело, денеска во 06.10 часот на Граничен премин Табановце од слобода бил лишен и Е.Д.(37) од Република Албанија. При контрола било констатирано дека серискиот број на возилото „форд фиеста" со романски национални ознаки, кое го управувал, бил фалсификуван, односно бројот во собраќајната возила не бил ист со бројот што е на возилото. Додека пак, на 11.12.2022 на локалниот пат с.Табановце - с.Лојане, кумановско, во атар на с.Лојане, полициски службеници од Полициската станица за граничен надзор Сопот ги лишиле од слобода Х.Х.(21) и Х.М.(39), двајцата од с.Сопот, кумановско. При преглед во возило „сеат ибица" со скопски регистарски ознаки, кое го управувал Х.Х., биле пронајдени и одземени пиштол „COL. 9 mm Parabelum" и полна рамка во него со 10 куршуми калибар 9 мм. Сите лица биле предадени во СВР Куманово и по целосно документирање на случајите против нив ќе бидат поднесени соодветни пријави.

На 11.12.2022 околу 12.30 часот на улица „Маршал Тито" во Тетово, полициски службеници од СВР Тетово го лишиле од слобода В.М.(21) од тетовско Ново Село. Тој се сомничи дека претходно извршил кражба, при што одзел мотоцикл сопственост на Н.К.(23) од тетовско Ларце. Мотоциклот бил пронајден и вратен на сопственикот, а лицето било задржано во полициска станица. По целосно документирање на случајот, ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 11.12.2022 во 23.00 часот на подрачјето на Аеродром, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода С.А.(32) од Скопје затоа што кај него била пронајдена и одземена бела грутчеста материја. По документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 11.12.2022 во 23.40 часот на подрачјето на Карпош, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода Ј.Ц.(28) од Скопје затоа што кај него биле пронајдени и одземени марихуана и дробилка. По документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 11.12.2022 во 12.10 часот на подрачјето на Гази Баба, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода С.Р.(39) од Скопје затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 11.12.2022 во 15.45 часот на подрачјето на Драчево, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода М.А.(30) од Скопје затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

Во текот на вчерашниот ден (11.12.2022) Министерството за внатрешни работи спроведе засилена акциска контрола на територијата на Република Северна Македонија за санкционирање на возила кои се движат со брзина поголема од дозволената, при што санкционирани се 241 возач. Од нив осум возила се движеле со брзина над 50 километри на час повеќе од дозволеното. Притоа 167 возила ја пречекориле брзината во населено место, а 74 надвор од населено место.

Министерството за внатрешни работи во текот на вчерашниот ден (11.12.2022) продолжи со контролите во областа на сообраќајот. На територија на град Скопје изречени се вкупно 165 мерки, меѓу кои за возење повеќе од дозволената брзина 74 санкции, осум мерки за возење без возачка дозвола, 20 санкции за возење под дејство на алкохол. Изречени се 12 мерки за минување не затворен сигнал (црвено светло), три санкции за нерегистрирани возила, три мерки за прекршоци што ги прават возачите на мотоцикл...

На 11.12.2022 на подрачјето на СВР Штип полициски службеници спроведоа акциска контрола на возачи кои управуваат возила со брзина поголема од пропишаната. За време на контролата биле констатирани 33 прекршоци, од кои 17 надвор од населено место и 16 во населено место. На сите возачи им биле изречени соодветни санкции. Санкционирани биле и 22 други видови на прекршоци, од кои 8 за управување возило без возачка дозвола, 2 за нерегистрирано возило, 3 за возач почетник, 5 за управување возило под дејство на алкохол, 2 за некористење сигурносен појас и 2 за непропишано паркирање.

На 12.12.2022 околу 01.20 часот во СВР Куманово било пријавено дека на автопат Табановце-Куманово, патничко моторно возило „фолксваген голф" со кумановски регистарски ознаки, управувано од А.А.(36) од с.Лојане, липковско, излетало од коловозот. На местото на несреќата починал А.А, а смрт констатирал лекар од Итната медицинска помош. Екипа од СВР Куманово извршила увид на место на несреќата.

На 11.12.2022 во 17.00 часот во Полициската станица Радовиш било пријавено дека на место викано „Чешме маале" на регионален пат планина Плачковица – Радовиш, Ј.З.(60) од Радовиш управувајќи патничко возило „тојота" со радовишки регистарски ознаки, изгубил контрола и излетал надвор од патот. Во несреќата возачот се здобил со тешки телесни повреди, констатирани во Здравствен дом Радовиш, а увид на местото извршила екипа на ОВР Радовиш.

На 11.12.2022 во 14.20 часот во Полициската станица Бит Пазар, У.З.(71) од Скопје пријавил дека на ул.„Ѓорги Поп Христов" бил каснат од куче скитник.

На 11.12.2022 во 16.50 часот во Полициската станица Чаир, П.Т.(52) од Скопје пријавила дека на ул.„АФЖ" била касната од куче скитник.

Денеска (12.12.2022) во 13.00 часот на ул.„Боро Менков" во Скопје, полициски службеници од Тим потраги од Одделенијата за криминалистички работи Ѓорче Петров и Центар и Бит Пазар го лишиле од слобода Е.С.(35) од Скопје. Тој бил баран по централна потерница по наредба од Основен кривичен суд Скопје за издржување казна затвор од две години за сторено кривично дело по член 247 од Кривичниот законик. Лицето ќе биде спроведено во надлежната казнено - поправна установа за издржување на казната.

На 11.12.2022 во 17.20 часот на бул.„Партизански одреди" во Скопје, полициски службеници од Полициската станица Карпош го лишиле од слобода А.Ј.(37) од Скопје. Тој се сомничи дека претходно заедно со уште едно женско лице, со закана се обидел да одземе пари од 61-годишна жена од Скопје, но не успеал. Тој бил задржан во полициска станица и по целосно документирање на случајот, против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

Денеска (12.12.2022) во 13.10 часот на ул.„Бутелска" во Скопје, полициски службеници од Оперативен тим потраги при СВР Скопје го лишиле од слобода Д.Л.(32) од Скопје. За него била распишана централна потерница по наредба од ОЈО-Скопје за издржување мерка притвор за сторено кривично дело по член 237 од Кривичниот законик. Лицето ќе биде спроведено во надлежната казнено - поправна установа з аиздржување на мерката притвор.

На 11.12.2022 во 22.30 часот на подрачјето на Шуто Оризари – Скопје, полициски службеници од СВР Скопје го лишиле од слобода С.Ј.(37) од Скопје затоа што кај него била пронајдена и одземена кафеава прашкаста материја. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

СВР Охрид поднесе кривична пријава против Е.Х.(35) од Охрид поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „измама". Тој, во текот на август 2022 година, со намера да прибави противправна имотна корист, довел во заблуда жена од Охрид ветувајќи и дека ќе и извршил одредени градежни работи во нејзиниот дом, за што побарал и добил 60.270 денари, но работните обврски не ги реализирал.

Во текот на изминатиот викенд, полициски службеници од СВР Куманово спроведоа акциска контрола за санкционирање на возачи кои не ги почитуваат сообраќајните прописи, при што на подрачјето на СВР Куманово санкционирани се вкупно 130 возачи од кои 94 управувале возило со брзина поголема од пропишаната, 17 санкции за возачи кои управувале возило под дејство на алкохол, 10 за управување возило без возачка дозвола, 7 за нерегистрирано возило...

На 11.12.2022 во 20.30 часот во СВР Скопје било пријавено дека во спортска сала „Шабан Трстена" на подрачје на Чаир, за време на одигрување на кошаркарски натпревар помеѓу КК „Чаир" и КК „Работнички", вработен како фоторепортер во кошаркарскиот клуб „Чаир" влегол на теренот и физички нападнал кошаркар на гостинскиот клуб. Се презеемаат мерки за расчистување на случајот.

ОВР Кичево поднесе кривична пријава против А.Н.(18) од кичевското село Пласница поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори". При преглед извршен на улицата „Ванко Михајлоски" во Кичево, полициските службеници кај него пронашле и одзеле марихуана.

На 11.12.2022 во 12.00 часот во Полициската станица Гази Баба, 54-годишен скопјанец пријавил дека на 09.12.2022 на подрачје на Гази Баба неговата 82-годишна мајка била измамена од едно лице за сума 200.000 денари. Според пријавеното, лицето лажно и се претставило дека и е близок роднина и й побарало пари. Како што е пријавено, таа му ги дала парите, но набрзу потоа сфатила дека е измамена. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

Денеска (12.12.2022) во 05.18 часот во СВР Скопје било пријавено дека на ул.„Козле" настанал пожар во работна машина „бинкман" со скопски регистарски ознаки, сопственост на Д.Т.(28) од Скопје. Екипа на Бригадата за противпожарна заштита Скопје го изгаснала пожарот, а повредени лица нема. Увид бил извршен.

На 11.12.2022 во 18.40 часот на подрачје на Драчево, полициски службеници од СВР Скопје го лишиле од слобода Б.С.(32) од Скопје затоа што околу 18.30 часот на подрачје на Драчево агресивно се однесувал и упатувал закани кон неговата мајка и брат. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 11.12.2022 во 15.00 часот во Полициската станица Гази Баба, Т.Ѓ.(36) од Скопје пријавил дека околу 13.45 часот на подрачје на Гази Баба Б.Ѓ.(62) и С.Ѓ.(31), по претходно недоразбирање, биле физички нападнати од едно лице. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 12.12.2022 во 00.10 часот на подрачје на Шуто Оризари, полициски службеници од СВР Скопје го лишиле од слобода Д.Б.(21) од Скопје. Тој се сомничи дека на 11.12.2022 околу 20.30 часот на подрачје на Шуто Оризари се самозадоволувал пред 19-годишна скопјанка. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 11.12.2022 во 17.00 часот во Полициската станица Аеродром, С.Д.(22) од Скопје пријавила дека од домот се оддалечил нејзиниот татко М.Д.(65) од Скопје. Се преземаат мерки за пронаоѓање на лицето.

На 11.12.2022 година во 18.30 часот, Л.И.(26) од Кичево во полициска станица пријавил дека на улицата „Магистрален пат" во Кичево бил каснат од куче скитник.

СВР Штип поднесе кривична пријава против А.М.(61) од Штип поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „насилство". На 05.12.2022, пријавениот упатувал закани на Г.М.(64), а фрлал и тврди предмети кон нејзината куќа.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Гевгелија поднесе кривична пријава против Р.Ј.(27) од Гевгелија поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори". На 07.12.2022 полициски службеници извршиле преглед кај лицето и претрес во неговиот дом, при што пронашле и одзеле хероин, марихуана, саксии со стебла од растението канабис и импровизирана лабораторија за одгледување на марихуана.

СВР Охрид поднесе кривична пријава против А.А.(42) од Кичево поради постоење основи на сомнени за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурсори". На 24.03.2022, при претрес во домот на пријавениот, бил пронајден и одземен метадон.

СВР Штип поднесе кривична пријава против Е.А.(20) од Штип поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дела „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурсори". На 13.04.2022, при преглед кај пријавениот, кој бил на издржување казна во КПУ Затвор Штип, затворските службеници пронашле и одзеле хероин и марихуана.

СВР Куманово поднесе кривична пријава против И.М.(47) од Куманово поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурсори". На 12.09.2022, при преглед кај пријавениот, биле пронајдени и одземени марихуана и хероин.